## NUMBER PORTABILITY




Преносливост на броеви е најновото софтверско решение изработено од групацијата "СЕМОС" и е наменето за корисниците на телекомуникациски услуги. Number Portability претставува сервисно ориентиран систем, кој овозможува секој корисник на телефонски број лесно да премине од еден кај друг оператор и притоа да го задржи својот број во целина, вклучувајќи го и префиксот на првичниот оператор. Така, штом корисникот забележи дека некој од другите оператори нуди услуги кои повеќе одговараат на неговиот профил, веднаш може да достави уредно барање за пренос на некој од пунктовите на новоизбраниот оператор.

Овој оператор т.е. прифаќачот на бројот кој се пренесува користи сервиси од гореспомнатиот систем за да го отпочне процесот на пренос на бројот. Системот функционира на тој начин што новоизбраниот оператор се регистрира како активен оператор на зададениот број.

Податоците за тоа кај кој оператор е пренесен секој од овие броеви достапни се за сите оператори преку системот и овие податоци се користат во нивните телекомуникациски системи при насочување на повиците. Ова решение е имплементирано во многу земји во Европа и ширум светот, а во Македонија се очекува да профункционира во следните три до шест месеци.

